Општина Прилеп
Локална самоуправа

Municipality of Prilep
Local government

Врз основа на член 21 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.199/2014, 44/2015, 193/2015, 31/2016 и 163/2016), Комисијата за урбанизам од член 23, формирана од Градоначалникот на Општина Прилеп со Решение број 08-172/1 од 18.01.2018год. ја донесува следната:

# ОДЛУКА

## За организирање на Јавен повик за доставување на иницијативи за изработка на Урбанистички планови

### член 1

Со оваа одлука се организира **Јавен повик** согласно со член 21 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 199/2014, 44/2015, 193/2015, 31/2016 , 163/2016 и 64/2018), во третиот квартал од 2018год.

### член 2

**Соопшението** за организирање на Јавниот повик ќе биде објавено во јавно гласило и на интернет страната на Општина Прилеп, www. prilep.gov.mk, на огласна табла во општината, во информацискиот систем е-урбанизам и преку објава во службеното гласило на општината.

### член 3

**Јавниот повик ќе трае од 07.09.2018 до 07.10.2018год. – 31 дена**, сметано од објавата во јавните гласила од член 2 од оваа одлука.

### член 4

**Предмет на јавниот повик е доставување на иницијативи** од сите заинтересирани физички и правни лица за изработка на нови Урбанистички планови, изменување и дополнување на постоечките Урбанистички планови или урбанистичко планска документација.

### член 5

**Прифатените иницијативи** од Јавниот повик ќе бидат вградени во Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Прилеп за 2018год., како документација финансирана од подносителите правни или физички лица.

### член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во **"Службен гласник на Општина Прилеп"**

Број 08-3278/1

06.09 2018, Прилеп

ГРАДОНАЧАЛНИК
На Општина Прилеп
Илија Јованоски

ОБ-НВМ-02

Општина Прилеп
Локална самоуправа

Municipality of Prilep
Local government

Врз основа на член 21 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 199/2014, 44/2015, 193/2015, 31/2016,163/2016 и 64/2018), Градоначалникот на Општина Прилеп го донесува следното:

# СООПШТЕНИЕ

Се известуваат граѓаните и правните лица на територијата на Општина Прилеп, дека се распишува:

## Јавен повик за доставување на иницијативи за изработка на Урбанистички планови

Јавниот повик се распишува согласно на член 21 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 199/2014, 44/2015, 193/2015, 31/2016, 163/2016 и 64/2018), во третиот квартал од 2018год.

- **Во период од 31 ден,** сите заинтересирани физички и правни лица треба да доставаат иницијативи за изработка на Урбанистички планови од членот 7 од Законот за просторно и урбанистичко планирање.
- **Предмет на иницијативите** може да биде донесување на нов Урбанистички план или изменување и дополнување на постоечки Урбанистички план или Урбанистичко-планска документација со конкретен предлог од подносителот на иницијативата.
- **Јавниот повик ќе трае од 07.09.2018 до 07.10.2018год. – 31 дена**, сметано од објавата во дневното гласило .
- **Јавниот повик ќе биде објавен** на интернет страната на Општина Прилеп, www. prilep.gov.mk, на огласна табла во општината, во информацискиот систем е-урбанизам и преку објава во службеното гласило на општината.
- **Заинтересираните правни и физички лица** иницијативите да ги достават во писмена форма преку архивата на Секторот за урбанизам и заштита на животната средина при Општина Прилеп или во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам во определениот рок
- **За сите прифатени иницијативи** подносителите ќе бидат информирани во писмена форма или во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам во рок од 15 дена од истекот на рокот за поднесување на иницијативи.
- **Прифатените иницијативи** од Јавниот повик ќе бидат вградени во Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Прилеп за 2018год.
- **Средствата** за прифатените иницијативи за изготвување на потребната документација треба да ги обезбедат подносителите на иницијативите – правни или физички лица.

Број 03-3278/1

06. 09 2018год.,
Прилеп

ГРАДОНАЧАЛНИК
На Општина Прилеп
Илија Јованоски

(печат: Република Македонија, Општина Прилеп, ПРИЛЕП)

ОБ-НВМ-02